# РЕПАРАТУР ПЕНЕТРАТ

*Средство за заштита на арматурата од корозија, како и пред-премаз (прајмер) за полимер-цементни репаратурни малтери*

*Одговара на EN 1504-7*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Репаратур Пенетрат се користи како активен премаз за заштита на челичната арматура од корозија, како и за остварување на подобрена атхезиона врска помеѓу стар и нов бетон или цементен малтер. Репаратур Пенетрат најчесто се применува при конструктивна санација на армирано бетонски елементи и конструкции.

## СВОЈСТВА

- Еднокомпонентен прашкаст материјал на цементна основа;
- Одлична адхезија за бетонска подлога;
- Ја спречува корозијата на челикот (арматурата);
- Не содржи хлориди;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНИ ВРЕДНОСТИ |
|---|---|---|
| Изглед | - | Сива прашкаста маса |
| Водоматеријален фактор | - | 0.28 - 0.30 |
| Максимална големина на полнило | - | 0.8 mm |
| Волуменска маса | EN 12190 | (1800 - 2000) kg/m³ |
| Време на сушење при 20 ° C | - | до 2 h |
| Јакост на адхезија | EN 1542 | ≥ 2.0 MPa |
| Јакост на притисок<br>по 7 дена<br>по 28 дена | EN 12190 | ≥30 MPa<br>≥40 MPa |
| Јакост на свиткување<br>по 28 дена | EN 1015-11 | ≥ 5 MPa |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДБА

## 1. ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

За заштита на челични површини од корозија (пр. при санација на стари или оштетени армирано бетонски конструкции), видливата арматура, анкери и други челични површини потребно е да се исчистат од корозија, остатоци на боја и масло или цементно млеко. Чистењето се врши механички или хемиски со челична четка, пескарење или специјализирани производи за чистење на челик (пр. Адингрост).
Бетонската подлога на која се нанесува Репаратур Пенетрат (околу изложената арматура), треба да биде чиста, да бидат отстранети сите лабилни делови, обеспрашена, обезмастена и заситена со вода. Температурата на површината на која се нанесува материјалот треба да биде во граници од 5°C до 30°C.





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk

## 2. ВГРАДУВАЊЕ

Смесата од Репаратур Пенетрат се подготвува со додавање на вода, во тежински однос од 280 до 300 g за 1kg материјал (на една вреќа од 20 kg потребни се 5,6 до 6,0 kg вода). Смесата континуирано се меша со бавен мешач до потполна хомогенизација - најмалку 3 мин.

Нанесувањето на измешаниот материјал се врши рачно со четка или машински со распрскување под притисок.

За остварување на подобрена врска на стар и нов бетон или репаратурен малтер, новиот бетон или малтер треба да се аплицира додека предпремазот Репаратур Пенетрат е сеуште свеж (леплив на допир). Во зависност од температурните услови, периодот на вградување на новиот бетон или репаратурен малтер изнесува од 60 до 120 мин од нанесувањето на Репаратур Пенетрат. Во услови на високи амбиентални температури (над 30° C) и силен ветер, новиот бетон / малтер треба да се вгради веднаш по нанесување на предпремазот.

## ПОТРОШУВАЧКА

Приближно 0,4 -0,6 kg/m$^2$

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќа од 20 kg.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5ºC до 35ºC, заштитен од директно изложување на сонце . Рок на употреба: 12 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE

2032

**АДИНГ АД Скопје**

**Новоселски пат(улица 1409)бр.11, 1060**

**Скопје, Република Северна Македонија**

**17**

**GCBA001/6**

**EN 1504-7:2006**

**РЕПАРАТУР ПЕНЕТРАТ**

**Активен премаз**

| | |
|---|---|
| **Заштита од корозија :** | **Поминува** |
| **Опасни супстанци:** | **Својството не е определено** |



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk

Опасност по здравјето: Репаратур пенетрат не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожа, очи или да се проголта. Во случај на прскање на кожа или очи, потребно е испирање со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Репаратур  пенетрат е незапалив.
Чистење и депонирање: Чистење на остатоци од Репаратур пенетрат е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk